# Постапување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка

✓**Правна рамка за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети**

✓**Судска пракса**

**Зуица Наумова, судија на Апелационен суд Скопје – во пензија**

# Поим и значење на конфискацијата

- Конфискацијата на имот и имотна корист како казнено-правна мерка, не е кривична санкција, бидејќи не задира во правата и слободите на сторителот на делото.

- Конфискацијата на имот и имотна корист може да се изрече и кога од првостепениот суд било пропуштено истото и со тоа не се повредува начелото на *reformatio in peius* (пример од судска пракса)

- Примената на конфискација на имот и имотна корист претставува ефикасно средство на борбата против новите форми на организиран криминал, како што се перењето пари, корупција, тероризам и слично.

- Основата за воведување на конфискацијата на имот и имотна корист како казнено-правна мерка е во усвојувањето на меѓународните конвенции за спречување на организираниот криминал, корупцијата, перењето пари и други тешки кривични дела.

- Конвенцијата на ООН против незаконит промет со опојни droги и психотропни супстанции (Виенска конвенција од 1988 година),
- Конвенцијата на Советот на Европа за перење, откривање, заплена и конфискација на приноси од казнено дело (Стразбуршка конвенција) од 1990 година),
- Казнената конвенција против корупцијата на Советот на Европа од 1999 година,
- Конвенцијата на ООН против транснационален организиран криминал (Палермо конвенција) од 2000 година,
- Конвенција на ООН за спречување на корупцијата од 2003 година
- Конвенција на Совет на Европа за перење, откривање, заплена и конфискација на приноси стекнати со казнено дело и финансирање тероризам (Варшавска конвенција) од 2005 година.

# Конфискација на имот и имотна корист според одредбите на Кривичниот законик

- Според член 97 од КЗ, никој не може да ја задржи непосредната или посредната имотна корист прибавена со кривично дело.

- Имотната корист ќе се конфискува со судската одлука со која е утврдено извршувањето на кривичното дело.

- Одлука за конфискација судот ќе донесе во постапка определена со закон и кога од фактички или правни пречки не е можно водење на кривичната постапка спрема сторителот на кривичното дело (застареност, амнестија, помилување и др.).

- Под услови со ратификуван меѓународен договор, конфискуваниот имот може да биде вратен на друга држава.

# Начин на конфискација

- Реална и вредносна конфискација
- Според член 98 од КЗ, од сторителот ќе се конфискува имотната корист прибавена со кривично дело што се состои во пари, движни или недвижни предмети во вредност, како и секоја друга сопственост, имот или актива, материјални или нематеријални права, а ако нивната конфискација не е можна на сторителот ќе му се конфискува друг имот што одговара на прибавената имотна корист
- Непосредната и посредната имотна корист се конфискува и од трети лица за кои е остварена со извршување на кривичното дело. Третите лица го имаат товарот на докажувањето по однос на имотот, а по однос на кривичното дело, товарот на докажување е на тужителот
- Имотната корист се конфискува и од членови на семејството на сторителот на кој е пренесена ако е очигледно дека не дале надомест што одговара на вредноста на прибавената имотна корист или од трети лица ако не докажат дека за предметот или имотот дале противнадоместок што одговара на вредноста на прибавената имотна корист.

- Предметите што се прогласени за културно наследство и природни реткости, како и оние за кои оштетениот е лично врзан, се конфискуваат од трети лица, без оглед на тоа што не знаеле или не можеле ниту биле должни да знаат дека се прибавени со кривично дело и без оглед на тоа дали истите им биле пренесени со соодветен надомест.
- Конфискуваното му се враќа на оштетениот, а ако нема оштетен, станува сопственост на државата.
- Ако на оштетениот во кривичната постапка му е досудено имотно-правно барање, судот ќе изрече конфискација на имотна корист доколку тоа го преминува износот на ова барање.
- Извршувањето на посебните мерки на конфискација на имот и одземање на предмети не застарува.

- *Нето или Бруто принцип на конфискација – дискусија и размена на искуства*

# Заштита на оштетениот

- Имотната корист често се остварува на штета на некое физичко или правно лице што се појавува како оштетен со кривичното дело.

- Во определени случаи имотната корист може да е остварена на сметка на друг кој не е оштетен, туку се појавува како сторител на кривично дело (Давање поткуп), тоа лице не може да им својство на оштетен и да бара враќање на парите што ги дал.

- Кога постои оштетен, конфискуваниот имот се враќа на оштетениот, а ако оштетен нема имотот станува сопственост на државата.

- *Ако оштетениот не предјави оштетно побарување, дали имотната корист ќе се остави на обвинетиот?*

# Конфискување од правно лице

- Според член 100 од КЗ, ако со кривичното дело на сторителот е прибавена имотна корист за правно лице, користа ќе се конфискува од него.
- Ако од правното лице не може да се конфискува имот или имотна корист поради тоа што престанало да постои пред извршување на конфискацијата, правниот следбеник, односно следбеници, а ако не постојат правни следбеници, основачот или основачите на правното лице, односно акционерите или содружниците кај трговското друштво во случаите утврдени со Закон, солидарно ќе се обврзат да платат паричен износ што одговара на прибавената имотна корист.
- Мерката конфискација ќе се изрече на правното лице ако не докаже дека за предметот или имотот дало противнадомест што одговара на вредноста на прибавената имотна корист.

## Конфискување од странско правно лице

- Согласно Конвенција на ООН против транснационален организиран криминал (Палермо конвенција од 2000 година) со протоколите
- Пример од судска пракса

# Одлука
# за конфискација на имот и имотна корист

Конфискацијата на имотна корист може да се изрече со:

- Пресуда со која обвинетиот се огласува за виновен
- Решение за судска опомена
- Решение за примена на воспитна мерка
- Решение за мерка на безбедност

ПОСЕБНА ПОСТАПКА ЗА КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ, ИМОТНА КОРИСТ И ОДЗЕМАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ - Кога постојат фактички или правни пречки за водење на кривичната постапка

ИЗВРШУВАЊЕ НА КОНФИСКАЦИЈАТА – 30 дена од правосилноста на пресудата, по налог на судот.

Правните дела склучени по извршувањето на кривичното дело со намера да се намали вредноста на имотот – предмет на конфискација, се неважечки.

# Одземање на предмети

- Задолжително одземање на предмети
- Факултативно одземање на предмети
- Судот ќе донесе одлука за одземање на предмети во постапка определена со закон и кога од фактички или правни пречки не е можно водење на кривична постапка спрема сторителот на кривичното дело.
- Со примена на оваа мерка не се засега во правото на трети лица за надоместок на штетата од сторителот на кривичното дело.

# Управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети

**Закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка**

- Начела при постапувањето – законитост, економичност, ефикасност, транспарентност, постапување со внимание на добар домаќин,одговорност, стручност, професионалност и ажурност
- Агенција за управување со одземен имот
- Односи на Агенцијата со други органи

# Односи на Агенцијата со други органи

**Известување на Агенцијата за привремено одземен имот**

- По донесената одлука на судот или друг орган за привремено одземање на имот, имотна корист или предмети судот или друг орган, во рок од два дена, ја известуваaат Агенцијата.
- Имотот, имотната корист и предметите се предаваат на Агенцијата во рок од три дена од денот на одземањето.
- При преземањето на имотот, имотната корист и предметите се составува записник кој содржи  податоци за видот, количината, состојбата во која се примаат, лицето од кое е одземен, како и процена на вредноста утврдена од овластен проценител и други релевантни податоци за одземениот имот, имотната корист и предметите.

**Известување на Агенцијата за конфискуваниот имот со правосилна одлука**

- По донесената правосилна одлука на судот или на друг орган со која се конфискува имот, имотна корист или се одземаат предмети судот, односно органот задолжително веднаш ја известува Агенцијата и ги предава конфискуваниот имот, имотната корист или предметите доколку претходно не се предадени на Агенцијата.

# Постапување со одземен имот

- Процена на вредноста на одземениот имот
- Извршување на одлука на суд или друг орган за одземање на имот
- Извршување на правосилни пресуди за конфискувана имотна корист
- Постапување со предмети од историско и уметничко значење
- Постапување со одземени скапоцени камења и благородни метали (злато и сребро)
- Отстапување на недвижен одземен имот
- Чување на привремено одземен недвижен имот
- Управување со одземени хартии од вредност
- Постапка за продажба на одземени предмети
- Продажба на одземена недвижност
- Продажба на одземен удел
- Отстапување на привремено одземен имот на државни органи, здруженија на граѓани и фондации
- Отстапување на одземени предмети

# Постапување со ствари надвор од промет

- Постапување со одземени наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори
- Продажба на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори
- Отстапување на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори за научни истражувања
- Уништување на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори
- Постапување со одземено оружје, муниција и екплозивен материјал
- Уништување на друг одземен имот

# Улогата на судот при продажба и отстапување на одземен имот

- Дава согласност на Агенцијата за управување со привремено конфискуваниот имот и имотна корист, и привремено одземени предмети во кривична постапка.
- Дава согласност на Агенцијата за продажба или отстапување на привремено одземен подвижен имот, во кривична и прекршочна постапка.
- По донесена одлука за привремено одземање на имот, имотна корист или предмети, Судот ја известува Агенцијата во рок од 2 дена, а ги предава на Агенцијата во рок од 3 дена од одземањето.

- По донесена правосилна одлука на Судот со која се конфискува имот, имотна корист или се одземаат предмети, Судот задолжително веднаш ја известува Агенцијата и ги предава конфискуваниот имот, имотната корист или предметите доколку претходно не се предадени на Агенцијата.
- Дава налог на Агенцијата за извршување на правосилните пресуди со кои е наложено конфискација на имотна корист во кривичната постапка.

- *Одговорност на судијата во ситуација на непостапување по барање на Агенцијата – постапка пред Судскиот совет.*

# Улогата на судот при постапување со ствари надвор од промет

- Судот донесува одлука, одземените наркотичните droги, психотропни супстанции и прекурзори, да можат да се продадат на трговски друштва со посебно одобрение на надлежен орган за промет и производство на лекови.
- Судот донесува одлука, примерок од одземените наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори да биде отстапен на соодветна институција која врши научни истражувања.
- Судот донесува одлука, за уништување на одземени наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори, кои се уништуваат од комисија формирана од министерот за правда.

**Ви благодарам  на вниманието!**